БИЛТЕН

БРОЈ 17/26



23.09.2026 година

РЕФЕРАТ

За избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Фотографија и мултимедија (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Скопје на својата 273та седница одржана на 27.04.2026 година, одлука 02-327/2 за распишан конкурс објавен во дневниот весник "Вечер" на 05.05.2026 година, со Одлука бр. 02-481/1 од седница бр. 276 на 27.04.2026 формира рецензентска комисија за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – Друго - Фотографија и мултимедија (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) – 1 извршител -** во состав: вонреден професор м-р Страхил Петровски, претседател, редовен професор м-р Роберт Јанкуловски, член, редовен професор м-р Благојче Наумоски, член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Фотографија и мултимедија (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатот **м-р Никола Узуновски.** Кандидатот, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурс, Биографија со соодветни податоци, Уверение за завршен 1 циклус студии, Уверение за завршени студии од 2 циклус, Диплома за стекнат степен/назив магистер, Портфолио со проекти, стручни дела.

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот **м-р Никола Узуновски,** согласно распишаниот конкурс, достави Пријава, биографија со соодветни податоци, уверение за државјанство, извод од матична книга на родени; дипломи за завршено високо образование и магистерски студии и Портфолио со објавени уметнички и стручни трудови, сертификати и други прилози.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Никола Узуновски е роден во Земун, Белград, Србија, во 1979 година. Стручното образование го започнува во средното уметничко училиште "Лазар Личеновски" во Скопје (генерација 1994-1998). подоцна образованието го продолжува надвор од Македонија - во Ликовната академија во Неапол, Италија (*Accademia di belle arti, Napoli, Italia*, 1998 - 2003), па го завршува Вишиот курс за визуелни уметности на Фондацијата Антонио Рати, во Комо, Италија (*F.A.R Advanced course of visual arts, Como, Italia*, 2003), а потоа студира како визитинг студент на Финската академија за ликовни уметности, на отсекот за просторно-временска уметност во Хелсинки, Финска (*Kuvataideakatemia, Helsinki, Suomi*, 2005). Постдипломските студии ги завршува на Универзитетскиот институт за архитектура во Венеција, Италија (*Instituto Universitario di Architettura, Venezia, Italia*, 2003 - 2007). Како надежен уметник, неговите студиски престои се финансирани од повеќе институции: Ликовната академија во Неапол, Универзитетот за архитектура во Венеција, Министерството за култура на Република Македонија, како и фондацијата Белилаква Ла Маса. Узуновски е меѓународно признат мултимедијален и концептуален уметник. Учествувал на повеќе од 100 групни изложби, и 15 самостојни изложби. Освен активниот ангажман во уметноста, има одржано и бројни предавања и работилници на разни универзитети во Европа и Азија, од кои и на Кралскиот институт за технологија, во

Стокхолм, Шведска и Норвешкиот универзитет за наука и технологија, НТНУ, Трондхајм, Норвешка.

Во Академската 2020 / 21 година Никола Узуновски беше асистент на Факултетот за арт дизајн на Европски универзитет - Скопје, по предметите Мултимедија, Моделирање, Основи на проектирање, Ентериер дизајн, Ентериер дизајн 1. Од 2021 до 2026 е доцет по предметите Мултимедија, Мултимедијален проект, Основи на проектирање, Ентериер дизајн, Дизајн на мебел, Индустриски дизајн, Продукт дизајн, Илумунација на ентериер, 3Д и Одржлив дизајн. Работи и како предавач во неформалното образование.

Познавање на јазици
Македонски (мајчин јазик), Англиски (одлично; пишан и разговорен англиски), Српски/Хрватски (одлично познавање), Италијански (одлично познабање),

Компјутерски вештини и софтвер
ADOBE CS (Photoshop, Premiere, After Effects),
Autodesk 3ds MAX, Rhino - Rhinoceros 3D, Trimble SketchUp 3D |
Microsoft Office, Google Workspace

1. СТЕКНАТО ОБРАЗОВАНИЕ

Високо образование:

2003 - **Дипломиран скулптор,** Академија за ликовни уметности, Неапол, Италија
2007 - **Магистер по продукција на визуелни уметности,** Факултет за арт и дизајн, Институт за архитектура на Универзитетот во Венеција

Средно образование:
1994-1998 Училиште за применета уметност, Лазар Личеноски, Скопје, Македонија
Скулптура и продукт дизајн

2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Европски универзитет Скопје, Македонија
2021-2026 Доцет по предметите Мултимедија, Мултимедијален проект, Основи на проектирање, Ентериер дизајн, Дизајн на мебел, Индустриски дизајн, Продукт дизајн, Илумунација на ентериер, 3Д и Одржлив дизајн.
Бреинстер Некст Колеџ
2023 Ментор по предметите Визуелни комуникации, Историја и принципи на дизајн
2020-2021 Асистент на неколку предмети од областа Уметност и дизајн: Моделирање, Дизајн на мебел, Ентериер дизајн, Мултимедија, Сценографија и други
Џолев и уметностите, Скопје, Македонија
2020-2021, Нови медии, Продукт дизајн, Теорија на уметност и дизајн
Центар за образование и развој Сивус, Скопје Македонија
2018-2019 Визуелни уметности. Нови медиуми, Историја и теорија за уметност и дизајн
Меѓународен институт за дизајн Чанапатана, Бангкок, Тајланд
2017 Дизајн на производи, Внатрешен дизајн, Историја и теорија на уметност и дизајн
Академија Италијана, Бангкок, Тајланд
2013-2015 Дизајн на производи, Внатрешен дизајн,Технологија на материјали, Историја и теорија на дизајн, Прототипирање, Графички техники
Универзитет Пајао, Тајланд, Факултет за архитектура и ликовни уметности
2012-2013 Уметност, дизајн на производи, Интердисциплинарни проекти, Креативно размислување

Работилници:

2026 Годишна утопија, Локомотива. Преспа, Македонија
2025 Пловечка Преспа, Гете институт, Преспа, Македонија
2024 Уметност на одржливост - Фондација Фридрих Еберт Скопје, Македонија
2024 Веб портфолио, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2024 Одржливи заедници, Центар Jадро, Скопје, Македонија
2024 Гласови што недостасуваат, Гете институт, Преспа, Македонија
2024 Одржливи заедници, Преспа, Македонија, Гете институт, Преспа, Македонија
2023 Одржливи заедници, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2022 Одржливи заедници, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2021 Работилница за куратори, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2019 Фестивал Capriwave, Капри, Италија
Капри Павилион, интердисциплинарна работилница за уметност, дизајн и архитектура
2018 Акто фестивал, Битола, Македонија
Соларна кујна, интердисциплинарна работилница за уметност, дизајн, гастрономија и физика
2015 Меѓународен институт за дизајн Чанапатана, Бангкок, Тајланд
Работилница за дизајн на светлечки објекти
2015 Акто фестивал, Битола, Македонија
Соларна лебдечка структура, интердисциплинарна работилница
2013 Технолошки институт Кинг Могут, Универзитетска галерија КМИТЛ, Бангкок, Тајланд,
Соларна лебдечка архитектура
2012 Академија италијана, Бангкок,
Графичко предтавување
2010 Акто фестивал, Битола, Македонија
Sunshine лебдечка структура, Интердисциплинарна работилница
2009 Супериорен институт за уметнички индустрии ISIA, Фиренца, Италија
Мое сонце, интердисциплинарна работилница помеѓу индустрискиот дизајн и медиумската комуникација
2008 Универзитет на Лапонија, Факултет за уметност и дизајн, Рованиеми, Финска
My Sunshine, Интердисциплинарна работилница помеѓу индустрискиот дизајн и медиумската комуникација
2007 Академија за уметност и дизајн, Талин, Естонија
Работилница: Критички пристап кон создавање современа култура

Предавања:

2023 Фонтис универзитет, Тилбург, Холандија,
2019 Меѓународен балкански универзитет, Скопје Македонија
Презентација на проекти и запознавање со уметноста на 21от век
2019 Академија за уметности, Неапол, Италија
Презентација на проекти
2019 Универзитет Кирил и Методиј, Архитектонски факултет, Скопје, Македонија
Кога архитектурата станува уметност
2016 Универзитет Кирил и Методиј, Архитектонски факултет, Скопје, Македонија
Кога архитектурата станува уметност
2012 Центар за современа уметност Џим Томсон, Бангкок, Тајланд
Презентација на проекти
2011 Норвешки универзитет за наука и технологија, НТНУ, Трондхајм, Норвешка

Нови тенденции - Интердисциплинарни проекти помеѓу уметност, архитектурата и дизајн
2011 Универзитет на Оулу, Флъакултет за архитектура, Оулу, Финска
Интердисциплинарни проекти помеѓу уметноста и архитектурата
2010 TEDx Предавање на TedxSkopje
Остварете ги вашите сништа, http://tedxskopje.mk/archives/1023
2010 Универзитет Кирил и Методиј, Архитектонски факултет, Скопје, Македонија
Тенденции во уметноста и архитектурата во последната деценија
2008 Универзитет Кирил и Методиј, Архитектонски факултет, Скопје, Македонија
Нови тенденции - Интердисциплинарни проекти помеѓу уметноста, архитектурата и дизајнот
2008 Универзитет Кирил и Методиј, Факултет за уметност, Скопје, Македонија
Глобален преглед на современата култура - Нови тенденции во уметноста
2007 Институт за ориентални студии, Неапол, Италија
Преглед на современата уметничка сцена во источна Европа
2007 Кралски институт за технологија, Стокхолм, Шведска
Критичка комуникација, Интерфејс дизајн, Оддел за медиа дизајн
2006 Кралски институт за технологија, Стокхолм, Шведска
Критичка комуникација, Интерфејс дизајн,Оддел за медиа дизајн

3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Истражувачки проекти:

Проект: Мое сонце
2005 - 2012
Меѓународен интердисциплинарен истражувачки проект за развој на летечки објекти способни да ја рефлектираат сончевата светлина во урбани зони над арктичкиот круг во зимскиот период.
Во соработка со Министерството за култура на Македонија, Музеј на град Скопје, Македонија, Галерија Федерико Лугер, Милано, Италија, ISIA Design Institute, Firenze, Италија, Fondazione Strozzi, Firenze, Италија, Шведска фондација за индустриски дизајн, Стокхолм, Шведска, Вилкомен Скоплан, Геливаре, Шведска, Универзитетот на Лапонија, факултет за уметност и дизајн, Рованиеми, Финска, Универзитет во Хелсинки, Фински метеоролошки институт, Хелсинки Финска, Полинарија, Резиденција за уметност и истражување, Пескара, Италија, Ф-бисол, Конелијано Венето, Италија, Трст современа, Трст Италија, Школа за напредни студии SISSA, Трст, Италија, Меѓународен центар за теоретска физика ITCP, Трст, Италија

Проект: Желбите се остваруваат
2005 - 2011
Компаративна анализа на содржината од писмата испратени до Дедо Мраз
Дефинирање на односот помеѓу физичкиот и културниот контекст и желбите изразени во писмата

Интердисциплинарни истражувачки проекти

Сити Мув / City Move 2009
Меѓународна интердисциплинарна работилница која предлага можности како да се премести град, специфични случаи: Кируна и Геливаре, организирана од Шведската фондација за индустриски дизајн

4. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Работно искуство:

2021 Музејот на современа уметност, Скопје, Македонија
- Куратор на едукативна програма

2019 Монозеро, Скопје, Македонија
- Продукт дизајнер

2017- 2018 Донаџема, Банкок, Таиланд
- Креативен директор и Продукт дизајн

2012 Кооперација, Скопје, Македонија
- Ко-куратор на изложбата Пораки за економска пропаганда
- Ко-куратор на изложбата Лични политики
- Ко-куратор на изложбата 800 вртежи во минута

2011 Акто Фестивал, Битола, Македонија
- Куратор на изложбата Работи (Никогаш), Кино Македонија

2009 А-Пет Архитектонско Студио, Милано
- Дизајн на македонскиот павилион за Венецијското биенлане 2019

5. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Самостојни изложби (селекција):

2018 Соларна кујна, Акто фестивал, Битола, Македонија
2015 Во потрага по невозможното, Агенција за сериозни интереси, Скопје, Македонија
2011 Моето сонце Трондхеим, Галерија Бабел, Trondheim, Норвешка
2010 Киоск, Басоно дел Грапа, Италија, куратор Процетозеропиу
2010 Моето сонце Милано, Галерија Федерико Лугер, Милано, Италија
2009 Моето сонце, Македонски Павиљон, Биенале на Венеција, Венеција, Италија, куратори Зоран Петровски и Елена Вељановска
2009 Моето сонце Падова, Semplicemente Contemporanea, Падова, Италија, куратор Алесио Кандин
2008 Моето сонце Полинариа, Пескара, Абруци, Италија
2008 Снег, галерија Федерико Лугер, Милано, Италија
2007 Моето сонце Трст, Галерија Триесте Контемпоранеа, Трст, Италија, куратор Масимо Премуда
2007 Одејќи, Национална галерија на Македонија, Чифте амам, Скопје, Македонија
2005 Капки, Центар за современа уметност, Скопје, Македонија
2005 Продолжи да сонуваш, Академија за ликовни уметности, Хелсинки, Финска
2004 Роденденска забава, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2003 Капки, Академија за ликовни уметности, скулптура, Неапол, Италија, куратор Ciriaco Campus

Групни изложби (селекција):

2026 Тапети, Музај на современа уметност, Скопје, Скопје, Македонија
2023 Пејсаж на вознемиреност, Музај на современа уметност, Скопје, Скопје, Македонија
2023 Прекариететот има шанса, Галерија Структура, Софија, Бугарија
2023 Мит Преспа, Преспанско езеро, Македонија
2021 Сета љубов, Музеј на современа уметност, Скопје, Скопје, Македонија

2020 Panic Room, Музеј на современа уметност, Скопје, Скопје, Македонија
2019 Уметноста не може да молчи, МКЦ, Скопје, Македонија
2016 Соник Павилион, Соника - Фестивал за минлива уметност, Љуљана, Словенија
2016 Херои за еден ден, Македонска опера и балет, Скопје Македонија
2016 Имагинариум: современа видео-уметност од Македонија, Грејшколо за уметност, Абердин, Шкотска, Велика Британија
2016 Секстант - Галерија NURTUREart, Њујорк, САД
2016 Каде да (не) се оди? Галерија МС, Њујорк, САД
2015 Заеднички идентитет? Простор, Братислава, Словачка
2014 Коњите имаат кратки нозе, проект Кооперација, Галерија Ремонт, Белград, Србија
2014 Утописки пулс - пламени во темната соба, Виена, Сецесија, Виена,
2014 Остров утопија, фрагменти и моменти за нови утопии, комплет за преживување - утописки град, Рига
2014 Направете своја уметност, Центар за уметност и култура, Чианг Маj, Тајланд
2014 Остров утопија, Сан Мауро а Чиленто, Италија,
2014 Солидарност-Незавршен проект? Музеј на современи уметности Скопје, Македонија
2014 Езерски Проект, Пајао, Музеј на науката, Пајао, Тајланд.
2013 Опседнати за победата, Центар за култура Замек, Познан, Полска,
2013 Странотело, проект на Кооперација, Галерија Грета, Загреб, Хрватска
2013 Уметникот и диктатурата, Национална галерија Чифте амам, Скопје, Македонија,
2013 Утопии/Дистопии: Документација, Студио Архитектри, Скопје Македонија,
2013 Окупирај ги хоризонтите, уметнички центар Изола, Милано, Италија
2013 Проект за светло и простор, Универзитетска галерија КМИТЛ, Бангкок, Тајланд,
2013 Каде се сите? проект на Кооперација, Туристички сојуз, Скопје Македонија,
2012 Пораки за економска пропаганда, проект на Кооперација ул.9ти мај 3. Скопје, Македонија
2012 Лични политики, Бул. 8 Септември 4. Скопје, Македонија, куратор е Кооперација
2012 800 вртежи во минута, ул. Коста Саков 6. Скопје, Македонија, куратор е Кооперација
2011 Трансакции, Галерија Хорах Моја, Палма де Мајорка, Шпанија
2011 Нов простор, Галерија Федерико Лугер, Милано, Италија
2011 Play/Start, Музеј Печи, Прато, Италија
2011 9то Биенале на млади уметници, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2011 Фрагменти, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2011 Работи (Никогаш), Кино Македонија, Битола, Македонија
2011 Вселенски брод Земја, Центар за современа уметност Знаки Часу, Торун, Полска,
2011 Volume Collection, Музеј за модерна и современа уметност, Риека
2011 Ториновер, Тронгејт 103 и Андерграунд Буканен, Глазгов, Обединетото Кралство 2011 255 804 км², Хилгер БРОТ Кунстхале, Виена, Австрија
2010 255,804 км², Градска уметничка галерија. Љубљана, Словеније
2010 Перфорации 2010, Музеј на современа уметност Загреб, Хрватска
2010 Што е важно? Палацо дела Гран Гвардија, Верона. Италија
2010 За природата, Пинакотека ди Фолоника, Фалоника Италија
2010 Космогонија, Музео Џеологико Џовани Капелини, Болоња, Италија
2010 Он, Болоња Пјаца 8 Агосто, Болоња, Италија
2010 Кој сака да ги користи моите прозорци? Галерија Паоло Марија Деанези, Роверето. Италија
2009 Времиња на крајот, Центар за уметност во Ла Толери, Клермон-Феран, Франција
2009 Supermegadrops 5, Центар за истражување за современа уметност, Кремона, Италија
2009 Мајко, иднината беше цртеж... Проект Федерико Лугер, Виа Вентура 5, Милано, Италија
2009 Невото во една соба, Галерија за современа Уметност, Монфалконе, Италија

2009 Тука и таму, Палацо Де Сантис, Кастелбасо, Италија
2009 Зелена платформа, Фондација Строци, Фиренца
2008 Гринвишинг, Палацо Дукале ди Лаурино, Салерно, Италија
2008 Венеција преку МКЦ, МКЦ, Скопје, Македонија
2008 Катаклизма и креативност, Галерија Вајл, Корпус Кристи, Тексас, САД
2008 Гринвишинг, Фондација Сандрето ре Рубауденго, Торино, Италија
2008 Катаклизма и креативност, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
2008 Зошто не одиш право!? Галерија Спацио А, Пистоја Италија
2007 Направивме добро што излеговме, Простор за современа уметност Бутрио, Удине, Италија
2007 Помеѓу отпорот и предавањето, Објектот не е пронајден, Монтерej, Мексико
2007 Бела лабораторија, Агенција 04, Болоња, Италија
2007 Стар простор - Нова линија: Какво општество !? Надвор од волуменот!, Битола, Македонија
2007 Проектобјект, Палацо Брачолини деле Алпи - Пистоја, Италија
2007 Денес, Музеј за современи уметности, Скопје, Македонија
2007 Inbetweenness, Екс Карчери Сан Микеле, Рим, Италија
2007 Мачката внатре, Меѓународен стан во Виена, Хелсинки, Финска
2007 Evolution de l'Art, Братислава, Република Словачка
2007 Видео извештај Италија 2004_05, Музеј за модерна и современа уметност, Риека,Хрватска
2007 Секоја работа, Галерија Уноросодуе, Милано, Италија
2006 Став, Магаза, Битола, Македонија
2006 Разговор со градот, Фабрика дел Вапоре, Милано, Италија
2006 Видео извештај Италија 2004_05, Галерија за современа уметност, Монфалконе, Италија
2006 Уметноста е секогаш на друго место, 2ро Интернационално биенале на млади уметници, Букурешт, Романија
2006 Одбрани дела, Палацо Бонаугуро, Басано дел Грапа, Италија
2006 Сонцето на sидот, Павелхаус, Лафалд, Австрија
2006 Уметник во дискусија, Кампнагел, Хамбург, Германија
2006 Прогресивна надеж, Галерија ХАОС, Белград, Србија
2006 Станување место, Кастело ди С. Теренцио, Леричи, Италија
2006 Крик, Сиер, Швајцарија
2006 Тендеење кон бесконечност, Фондационе Бевилаква ла Маса, Венеција, Италија
2006 Траекторија 2 - Сонце на wallид, LCCA, Арсенал, Рига
2006 Изложба на Галерии, Центар за современа уметност, Антверпен, Белгија
2006 Уметникот во разговор, Чифте амам, Скопје, Македонија
2006 Уклучено - Исклучено, Галерија Прес ту Ексит, Скопје, Македонија
2005 Бела бучава, СТИЛ БК, Торино, Италија
2005 Без наслов, Вентура XV, Милано, Италија
2005 Бело и друго, во секој случај уметност, Палацо Кавур, Торино, Италија
2005 Бела бучава, Артлаб Студио БК, Торино; Италија
2005 Мултипло 2, НЕ Галерија, Милано, Италија
2005 Архипелаг, Нова Горица, Словенија и Горицијa, Италија
2005 Лебдечки простори, 51-то Биенале во Венеција, Венеција, Италија
2005 Павилјон Марс, Венеција, Италија
2005 Плазамаркет, Венеција, Италија,
2005 8 x 12, студиа на Бевилаква ла Маза, Венеција, Италија,
2005 Биенале на млади уметници, Музеј за современи уметности, Скопје, Македонија

2005 10, Галерија Каику, Хелсинки, Финска
2005 Конфлкти, Вила Серена, Болоња, Италија,
2005 Странци во Венеција, Фондација Бевилаква ла Маза, Венеција, Италија,
2005 Плеј 04, Кер оф, Милано, Италија, к
2004 88ма колективна, Фондација Бевилаква ла Маза, Венеција, Италија
2004 Плеј 04, Галерија Монкада, Рим, Италија
2004 Зграда Q13, Местре Контемпоранеа, Италија
2004 Трансмисија, Басано дел Грапа, Италија
2004 Real Presence 4, Музеј 25 Мај, Белград, Србија
2004 QualsiasiTV, Base, Firenze, Италија
2004 Гледајќи се наоколу, Галерија А+А, Венеција, Италија
2004 Остатоци од еден семинар, Виафарини, Милано, Италија
2004 Простор и место_03, Т.П.О., Болоња, Италија
2003 Божиќна изложба, Галерија ОК, Риека, Хрватска
2003 Ток-шоу, Виафарини, Милано, Италија
2003 Mappa mundi, Кјеза Сан Франческо, Комо, Италија
2003 Животот е полн со можности, Галерија Т293, Неапол, Италија

6. ОБУКИ И СТУДИСКИ ПАТУВАЊА

2003 Ф.А.Р. Напреден курс за визуелни уметности Комо, Италија
Летен курс и изложба со Ричард Нонас
2005 Академија за ликовни уметности, Време-просторни уметности, Хелсинки, Финска
Програма за размена на студенти

7. НАГРАДИ И ГРАНТОВИ:

2009 Video It, Интернационална цена за видео уметност. Торино, Италија
2007 Награда за млад европски уметник Trieste Contemporanea, Трст, Италија
2006 Избрани дела, награда за видео уметност Басано дел Грапа, Италија
2005 - 2006 Фондација Бевилаква ла Маза, грант за студио, Венеција, Италија
2004 - 2006 Грант за студии, Министерство за култура на Република Македонија
2003 - 2006 Стипендија од Универзитет IUAV во Венеција
1999 - 2003 Стипендија од Академијата за ликовни уметности Неапол, Италија
1999 Награда Георги Зографски, Скопје, Македонија

РЕЦЕНЗИЈА

М-р Никола Узуновски има забележителна биографија во која се согледува неговата досегашна успешна работа во сферата на визуелните уметности, дизајнот, фотографијата/видеото, како и образовните активности. Тој има препознатлив и впечатлив визуелен израз кој се должи на повеќегодишното **образование** во областа на визуелните уметности и дизајнот, како и на смелиот пристап во примената мултимедијалните форми и новите експериментални медии.

Наставната дејност на кандидатот е широка, со на 15 години искуство во формалното и неформалното образование. Кандидатот има предавано во над 10 универзитети и бројни академии. На Факултетот за арт и дизајн на Европски универзитет во Академската 2020/21 е

соработник асистент по предметите Мултимедија, Моделирање, Основи на проектирање, Ентериер дизајн, Дизајн на мебел, 3Д Дизајн, Илуминација на ентериер, Сценографија и други. Кандидатот има долгогодишно **научно-истражувачко искуство**, во соработка со светски реномирани институции. Проектот **Мое сонце** на кои работи од 2005 до 2012, меѓународен интердисциплинарен истражувачки проект за развој на летечки објекти способни да ја рефлектираат сончевата светлина во урбани зони над арктичкиот круг во зимскиот период. Во соработка со **Министерството за култура на Македонија, ISIA Design Institute,** Фиренца, Италија, **Fondazione Strozzi,** Фиренца, Италија, **Шведска фондација за индустриски дизајн,** Стокхолм, Шведска, **Универзитетот на Лапонија, факултет за уметност и дизајн,** Рованиеми, Финска, **Универзитет во Хелсинки, Фински метеоролошки институт,** Хелсинки Финска, **Полинарија, Резиденција за уметност и истражување,** Пескара, Италија, **Трст современа,** Трст Италија, **Школа за напредни студии SISSA, Трст, Италија, Меѓународен центар за теоретска физика ITCP,** Трст, Италија
Од 2005 до 2011 Проектот **Желбите се остваруваат,** компаративна анализа на содржината од писмата испратени до Дедо Мраз - Дефинирање на односот помеѓу физичкиот и културниот контекст и изразените желбите. Соработка со **Финската државна архива во Оулу** Во 2009 работи на **Сити Мув** / City Move, Меѓународна интердисциплинарна работилница за како да се премести град, организирана од **Шведската фондација за индустриски дизајн.**

Стручно-апликативните активности се огледуваат во неговите бројни ангажмани во престжни интернционални институци во Европа и Азија.
Во сферата **на стручно-уметничката дејност**, Никола Узуновски е еден од ретките македонски уметници етаблирани не само на домашната, туку и на светската уметничка сцена. Изложувал на над од сто интернационални изложби. Во 2005 год. учествува на 53-тото Biennale di Venezia, во проектот Floating Sites, а во 2007 год. почнува да работи на неговиот проектот My Sunshine во галеријата Trieste Contemporanea кој понатаму го развива за македонскиот павилјон на 53-тото Biennale di Venezia во 2009 год.

Самостојни изложбите кои треба да се споменат се "Snow" и "My Sunshine" во Federico Luger галеријата во Милано. Големите групни изложби на кои учествувал и кои не смеат да се изостават се, "Greenwashing" во Fondazione Sandretto Re Rebaudengo (Турин, Италија, 2008), "Green Platform" во Fondazione Strozzi (Фиренца, Италија, 2009), "Spaceship Earth во Centre of ContemporaryArt Znaki Czasu (Торун, Полска, 2011).

Кандидатот учествувал на **стручни работилници, обуки, студиски патувања**, а се здобил и со значајни домашни и интернационални **награди**. Во 1998 добитник е на наградата ***Ѓорѓи Зографски.*** Во 2006 година ја добива наградата **Selected Works** за видео арт во Басано дел Грапа, **Италија**. Во 2007 година, неговиот проект *Моето сонце* на фестивалот Trieste Contemporanea му ја носи престижната титула **"најдобар млад уметник во Југоисточна Европа"**. Видеото од процесот на создавање на *Моето сонце* во март 2009 година ја освојува првата награда на фестивалот ***Video.It*** одржан во Фондацијата Марио Мерц, Торино.

КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал еден кандидат за кој се потврдуваат следните констатации:

- Кандидатот **м-р Никола Узуновски** има завршено соодветно високо образование од прв и втор степен студии;
- Кандидатот има наставно искуство во формалното високо образование и неформалното образование во областа на Фотографија и Мултимедија;
- Кандидатот има искуство како истражувач,

- Кандидатот има стручно-применувачко искуство областа на мултимедијалните уметности, дизајнот, и фотографијата;
- Во своето досегашно стручно-уметничко творештво реализирал 15 самостојни изложби во земјата и странство, учествувал во значаен број групни изложби и реализирал голем број проекти од областа на фотографијата, видеото и мултимедијалните уметности, а за своето творештво досега добил 8 домашни и меѓународни награди.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања од областа на Фотографија и Мултимедија **(6.04.00.08** Фраскатиева класификација) – 1 извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје, објавен на 05.05.2026 со во весникот „Вечер", се пријави кандидатот м-р Никола Узуновски.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ги неговите досегашни наставно-образовни, научно-истражувачки, стручно-применувачки и стручно-уметнички дејности, Рецензентската комисија предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет во Скопје да го избере **кандидатот м-р Никола Узуновски во наставно-научно звање вонреден професор по група стручно-уметнички предмети од областа на Фотографија и Мултимедија**, согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ); бр.82/2018; 1542019; 178/2021; 58/2024; 124/2025.

Скопје, септември 2026

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонреден професор м-р Страхил Петровски, претседател

Редовен професор м-р Роберт Јанкуловски, член

Редовен професор м-р Благојче Наумоски, член